Телефон: +38946511000
Телефакс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб
6000 Охрид
Република Македонија

Бр. 02-4462
Охрид, 11.9 2026 год.

Врз основа на член 94 точка 43, во врска со член 97 од Законот за високото образование („Службен весник" бр. 82/2018, 197/21, 178/21, 58/24 и 124/25) и член 127 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, на седница одржана на ден 11.09.2026 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за отпочнување постапка за избор на ректор

1. Се отпочнува постапка за избор на ректор на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, за мандатен период 2026-2029 година.

2. Ректорот се избира од редот на редовните професори, со објавување на Јавен оглас, на слободни, непосредни и тајни избори од страна на членовите на наставно-научните совети на единиците, за време од три години, со право на уште еден избор.

3. Универзитетот и неговите единици да ја реализираат постапката за избор на ректор во согласност со Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот, а и согласно Роковникот на активности за избор на ректор донесен од Универзитетскиот сенат на ден 11.09.2026 година.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

претседател на Сенат,

проф. д-р Нинослав Марина

Доставено до: Архива
Веб-страница на УИНТ